# Програма

## за работа на Факултетското студентско собрание – Архитектонски факултет – Скопје

2025/2026

„За да ме казни за мојот презир кон авторитет,
судбината ме направи мене авторитет"

– Алберт Ајнштајн –

Почитувани колеги,

дозволете ми на кратко да Ви се претставам и да Ве запознаам со мене, јас сум Андреј Петровски редовен студент во III година студии на Архитектонскиот факултет – Скопје. Роден сум во Скопје, а средно образование завршив во средното стручно училиште во СГГУ „Здравко Цветковски" – или попознато како ГУЦ.

Бев член на Факултетското студентското собрание на Архитектонскиот факултет во Скопје во два мандати, во прва година и втора година студии, а сега со целото мое искуство стекнато се кандидирам и ја барам Вашата поддршка за претседател на Факултетското студентско собрание.

Како дел од мојот втор мандат бев дел од Наставно – научниот совет на Архитектонскиот факултет, каде бев гласен претставник на студентите пред професорите и целиот колектив на Факултетот.

Поради одредени процеси кои се случуваа на нашиот факултет, бев вклучен на испомош и се уште сум дел од Студентската служба на Факултетот.

Отсекогаш сум бил достапен за секој колега, во секое време од денот и така планирам да продолжам, дали било нешто поврзано со студиите, дали било нешто со административни прашања или едноставно за совет и дружба, сум бил секогаш отворен и пристапен за тоа.

Ќе оставам да говорат делата нешто повеќе од мене!

Срдечен поздрав,
Андреј Петровски

## *МОТИВ, ВИЗИЈА И ЦЕЛ*

Предводен од идејата и идеалите за подобар студентски стандард достоен за една личност која својот пат го бара низ академските лавиринти, поткрепен со искуството и целото мое знаење стекнато досега, со огромна желба за промена и мотив за работа, јас решив оваа година да се кандидирам за Претседател на Факултетското студентско собрание на Архитектонскиот факултет – Скопје.

Човечка особина е да се стреми кон нешто возвишено, да се стреми кон подобро, кон поубаво, но да не заборавиме дека составен дел на тоа се е и способноста да ги исполнуваме нашите цели, ветувања и да работиме за исполнување на нашите замисли.

Имам замисла каде секое доаѓање на факултет ќе биде една образовна дружба каде тука се доаѓа со цел да се научи, да се надградиме и да бидеме најдобрата верзија од себеси.

Јас верувам во секој еден студент на Архитектонскиот факултет и верувам дека во секој еден од нас лежи еден неоткриен архитект, талент да ја замислуваме, но уште поважно, да ја градиме нашата општествено одговорна иднина!

Мојата програма за работа на Факултетското студентско собрание на Архитектонскиот факултет во Скопје се состои од седум главни точки чии цели имаат да го подобрат студентскиот стандарт.

*1. Измена на Статутот на Факултетското студентско собрание*

Промените се неопходен составен дел од напредокот, затоа како прва цел на новиот состав на Факултетското студентско собрание ќе биде измена на Статутот на Факултетското студентско собрание.

Статутот е документ со кој се уредуваат обврските, правата и надлежностите на Факултетското студентско собрание (во понатамошниот текст ФСС) и затоа е важно тој да биде во согласност со брањата и потребите на студентите.

Токму затоа како моја приоритетна цел ќе биде измена, дополнување и промена на Статутот на ФСС, со цел да одговори на новите барања на новите студенти и новите времиња. Правните документи се жива материја и треба да се менуваат, како не би не кочеле во нашите замисли и визии, затоа ќе работам одговорно и посветено да оваа измена се случи во првите 100 дена од мојот мандат, кој согласно Статутот на ФСС е една година, односно 12 месеци.

Измената на статутот ќе биде сложена и макотрпна работа, затоа јас ќе ја побарам Вашата поддршка, Вашите идеи, мисли и ставови по оваа тема и секоја помош ќе биде добредојдена.

*2.Зголемување на соработката со деканатот на Архитектонски факултет*

Како важен сегмент во моето раководство ќе биде и зголемување на соработката и комуникацијата со деканатот на Архитектонскиот факултет. Ќе ја зголемиме комуникацијата во однос на колоквиумските недели, како и испитните сесии, кои за нас студентите се важни.

*ПРОГРАМА*

Очекувам и ќе работам на отворена соработка за прашаањата кои за нас студентите се важни и целосно решавање на истите.

Во сите тела на Факултетот каде што учествуваат студентите ќе барам голема одговорност и проактивност од избраните студенти, бидејќи нивната одговорност е да ги претставуваат студентите пред професорите и пред Факултетот.

*3.Подобрување и унапредување на соработката со Факултетското студентско собрание на Градежниот факултет*

Еден од приоритетите на кои јас интезивно ќе работам е зголемување и подобрување на соработката со Градежниот факултет.

Како наши први комшии, но и доживотни партнери по струка сметам дека е доста важно да соработуваат двата факултета и да имаме пријателски однос едни со други, време е да се стави крај на неоснованата омраза и кавга која постои помеѓу овие два сродни факултети!

Ние сме колеги, академски граѓани на ова општество и навистина е нецивилизирано од нас да се однесуваме како пештерски луѓе, да шетаме и шириме омраза едни кон други.

Со таа цел ќе се трудам што е можно повеќе да изнаоѓаме заеднички јазик за прашањата кои ги тангираат и двата факултети, како и во име на добрата соработка да имаме заеднички седници на кои ќе зборуваме и решаваме проблеми поврзани со нашиот заеднички објект кој го делиме, тука можам да ги споменам тоалетите како еден клучен проблем, како и безбедноста на факултетот, но и изнаоѓање на решение за бараките и постигнување на конечен договор.

Ќе бидам посветен и одговорен кон соработката со Градежниот факултет и се надевам дека со заеднички труд ќе ги поставиме темелите на една одлична соработка, која ќе ги сруши сите стериотипи кои се шушкаат, но и повремено гласно одекнуваат низ нашите заеднички ходници.

### 4.Подобрување на условите за студирање

Ќе разговрам со нашиот деканат и деканатот на Градежен факултет во однос на отвореноста на факултетот, односно продолжување на работното време на факултетот, ќе направам обид да се продолжи работното време ако ништо повеќе барем до 23:00 часот, од досегашното 20:00 часот.

Ќе работам на изнаоѓање на начин за да проработи и факултетската принтерница, каде ќе можеме да принтаме на факултет и со тоа да ги намалиме и онака големите трошоци.

Борбата за бараките ќе продолжи се додека студентите од градежен и архитектонски не седнат да работат на иста маса во новиот студентски простор.

Ќе направам напори за да се постават дополнителни диспензери за сапун низ факултетот со што ќе ја зголемиме и хигиената.

Доколку е неопходно ќе бидам гласен застапувач на идејата за заклучување и на нашите тоалети и давање пристап до истите само на студентите од Архитектонскиот факултет. Инаку ќе барам и решавање на спорот со јавните тоалети во објектот.

### 5.Продолжување на активности кои ги започна претходното раководство на ФСС

Во однос на активностите кои претходното ФСС ги имаше започнато и одржувано, се обврзувам да ги продолжам и унапредам доколку е истото е возможно.

Среда филмски ден ќе биде програма која во текот на семестарот ќе биде континуирано изведувана, на која ќе можеме да се одмориме и релаксираме од нашите обврски поврзани со факултетот.

Продолжување на работилниците од студентите за студентите и збогатување на вештините кои ќе бидат презентирани.

## *ПРОГРАМА*

Кумството кое ќе прерасне во прекрасна традиција на нашиот факултет, ќе гледаме да биде на едно високо ниво, достојно за еден таков настан.

Забави во коорганизација со Градежниот факултет, каде до ситните утрински часови ќе се забавуваме, смееме и дружиме.

### *6.Отвореност кон нови идеи и предлози*

Ова се само еден мал фрагмент на клучни точки за нас студентите, јас секогаш ќе бидам отворен за дискусија, за разговор и нови идеи кои понекогаш ќе бидат точката од каде ќе започнат незаборавни нови пријателства и дружби.

Очекувам членството на Факултетското студентско собрание да работи активно за исполнување на целите и посветено да ги исполнува своите обврски кон своите колеги.

Јас како иден претставник на колегите од Архитектонскиот факултет ќе бидам гласноговорник и поборник за повисок студентски стандард за подобро утре.

Ќе работам напорно, посветено и одговорно кон остварување на целите напишани во оваа програма, бидејќи ова е програма која произлегува од потребите на студентите, ова е програма чија цел е да го слушне гласот на студентите и да го преточи во остварена работа.

Доаѓаат промени, доаѓа свеж воздух помеѓу старите ѕидови, кои може да пишуваат книги по историја, кои ако вистински ги послушаме ќе чуеме ехо на генерации врвни архитекти, кои ни оставиле омаж да и ние се стремиме кон врвното, кон возвишеното и да го направиме најдоброто за нас, како индивидуи, за нас, како општество и за нас како заедница на врвни остварувачи!

СРЕЌНО КОЛЕГИ!

Напишано од:
Андреј М. Петровски

Наслов:
Програма за работа на Факултетското студентско собрание на Архитектонскиот факултет – Скопје во мандатниот период 2025/2026

Скопје, февруари 2025